ВРХОВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Партнерство за
Отворена
Власт на
**Северна**
**Македонија**

# ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ОТВОРЕНО СУДСТВО

**30 март 2022 година**

## *Резиме*

Декларацијата за Отворено судство како дел од програмата Партнерство за отворена власт (ПОВ) претставува заложба која има за цел да придонесе кон зголемено граѓанско учество и зголемен пристап од страна на граѓаните во однос на работата на судството во Северна Македонија. Целта на оваа заложба претставува приближување на информациите до граѓаните на едноставен и разбирлив начин од каде граѓаните ќе можат да ги следат податоците од работењето на судовите и другите институции во судството, со што директно се зголемува отчетот на судската власт. Оваа Декларација претставува основа за дијалог помеѓу судската власт и граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија, со клучна цел за зајакнување на демократските капацитети и зголемена доверба на граѓаните во судството.

## *Историјат*

Оваа декларација потекнува од долгогодишната заложба на Република Северна Македонија во рамките на иницијативата Партнерство за отворена власт, во која учествуваат сите три власти, извршната, законодавната, а сега и судската. Од посебно значење претставува Акцискиот план за Отворено судство 2021-2023 година кој содржи конкретни заложби и цели за правосудниот сектор за овој период, насочени кон зајакнување на транспарентноста, отчетноста и отвореноста на судовите и останатите правосудни институции во Република Северна Македонија кои се директно одговорни за нивното исполнување, низ партнерство со граѓанскиот сектор.

## *Цели*

Оваа Декларација има за цел да ја зголеми достапноста на граѓаните до правосудните органи во Република Северна Македонија преку:

- промоција за зголемен пристап и транспарентност на информациите за работа на судството,
- олеснување на пристапот до информациите за судството и унапредување на информатичката инфраструктура на правосудните органи за ефикасна електронска комуникација на јавно достапните информации.

Суштинско значење во оваа Декларација претставува унапредување на отвореноста на судовите и правосудните институции преку која граѓаните како и останатите засегнати страни ќе можат да дојдат до официјални информации за нивното работењето преку интернет или директно во самите институции. Ваквиот начин на овозможување на директен пристап од страна на граѓаните директно влијае кон подобрување на транспарентноста, отчетноста и ефикасноста на судовите и правосудните органи. Можноста за директно следење на работата на судовите и правосудните институции од страна на граѓаните ќе влијае како коректив на нивното работење во насока на почитување и спроведување на темелната вредност *Владеење на правото* од Уставот на Република Северна Македонија.

# ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ОТВОРЕНО СУДСТВО

*Почитувајќи ги меѓународното право, правните правила и принципи т.е. Европската конвенција за човековите права, како и Универзалната декларација за човекови права, преку кои цел и заштита претставува остварувањето на правата на граѓаните,*

*Во поддршка* на целите и начелата на иницијативата за Отворено Владино Партнерство како глобална иницијатива на владите и граѓанското општество за унапредување на транспарентноста и отчетноста на Владите преку едноставен пристап до зголемена и ефикасна дигитализација,

*Поддржувајќи* ја иницијативата за Отворено судство како дел од процесот на Отворено владино партнерство која претставува збир на активности и заложби за подобрување на отворено и отчетно работење на судовите и правосудните органи во Република Северна Македонија,

*Со цел* за поефикасно поврзување на судовите и правосудните органи со граѓаните како дел од Отвореното владино партнерство во насока на активно учество на судската власт и граѓанските организации во донесувањето и измените на нормите и стандардите на судското работење,

*Уверени* дека целта на иницијативата за Отворено владино партнерство која поттикнува на поголема транспарентност, отвореност и отчетност во државните институции ќе поттикне зголемена транспарентност, правна сигурност и ефикасност, како и остварување конкретни и видливи подобрувања во судскиот систем на национално ниво,

*Потврдувајќи* ги заложбите за демократија и владеење на правото и досегашните активности во иницијативата Отворено владино партнерство и спроведувањето на Акциските планови од 2012, 2014, 2016, 2018 и 2022 година,

*Имајќи* предвид дека Отворено судство значи прв чекор кон остварување поефикасен и поправичен судски систем преку поголема транспарентност и отчетност пред граѓаните,

*Имајќи* ги предвид целите и заложбите на Република Северна Македонија за воспоставување на поголема транспарентност, отвореност и отчетност на законодавната, извршната и судската власт како заокружување на процесот на трите столба на власт на Република Северна Македонија како активни чинители во глобалната иницијатива Отворено Владино Партнерство,

*Уверени* дека пристапот до информации на граѓаните придонесува кон ефикасно остварување на човековите права,

*Свесни* дека судските реформи ќе се прошират и ќе влијаат позитивно и пошироко од судството во однос на остварувањето на граѓанските права поврзани со судскиот систем, јавното обвинителство, правната помош и судските постапки за граѓаните,

*Со поддршка* за независноста, непристрасноста и интегритетот на судиите и вработените во судскиот систем,

Бидејќи судската власт го означува владеењето на правото како уставна и темелна вредност на Република Северна Македонија и претставува единствена власт која обезбедува еднаков пристап до правдата за сите граѓани на Република Северна Македонија,

Со оваа Декларација се изразува заложбата на судството за остварување на зголемена отвореност, правна сигурност и ефикасност на судовите и останатите правосудни институции во Република Северна Македонија во партнерство со граѓанските организации за подобрување на правниот систем во повеќе насоки. Заложбите од оваа Декларација претставуваат основ за спроведување на Акцискиот план за Отворено судство 2021-2023 година како и за идното планирање на активностите за Акцискиот план за Отворено судство 2023-2025.

Воведувањето на судската власт во иницијативата Отворено Владино Партнерство ќе го заокружи процесот во кој веќе активно дејствуваат и придонесуваат законодавната и извршната власт, како учесници во глобалната иницијатива.

Потребата за воведување на Отворено судство има за цел подобрувања на судскиот систем и сервисноста за граѓаните во повеќе насоки. Тука пред сè, е приближувањето и поедноставувањето на пристапот до правда, информации и процедури за граѓаните, потоа зголемување на отвореноста на институциите во спроведување на политики на судската власт, воведување на транспарентност во системот на именување и разрешување претставници на судската власт, услови и процедури за нивна проверка, транспарентно соопштување на донесени одлуки во поглед на дисциплинските постапки, постигнувањата на судиите и нивните достигнувања во работењето преку едноставен и дигитализиран пристап, број на решени предмети како и број на предмети вратени на повторно одлучување, олеснет и едноставен пристап за граѓаните до судските одлуки, со гаранција за заштита на личните информации на граѓаните.

Една од целите на Отвореното судство претставува мониторинг и евалуацијата во судството во Република Северна Македонија според утврдени параметри за отвореност вклучувајќи ги транспарентноста, ефикасноста и отчетноста кои имаат за цел јасно да ја прикажат состојбата на судството на Република Северна Македонија, како на национално, така и на глобално ниво. Идејата е практиките на мониторинг и евалуација да се инкорпорираат подоцна во системот и да се применуваат на редовна

основа како системи за самоевалуација за работењето на судството, преку кои ќе можат јасно да се следат и насочуваат горенаведените цели т.е. транспарентно објавување на роковите и термините за назначување на судии, независно и непристрасно судство и почитување на Кодексот за етика на судиите, детална и целосна евалуација на судиите и функционирањето на судскиот систем во определени аспекти, објавување на судските одлуки, како и зголемено учество на граѓанскиот сектор заради подобрување на судскиот систем. Активното учество на Република Северна Македонија во иницијативата Отворено Владино Партнерство, преку Отворено судство ќе придонесе кон етаблирање на функционален, ефикасен и отчетен систем кој ќе функционира според утврдени стандарди на национално и меѓународно ниво, преку унифицирани постапки и процедури, а кои ќе го олеснат пристапот до услуги и сервисност за граѓаните и ќе овозможат едноставен и прецизен увид во извештаите, информациите и статистичките податоци со кои располагаат судовите.

***Промоција за зголемен пристап до и транспарентност на информациите за работа на судството***

- Граѓаните треба да бидат редовно, целосно и навремено известени за работата на судовите, и да имаат непречен и директен пристап до јавно достапните информации поврзани со работата на судовите.
- Законските одредби би требало да се носат со крајна цел за овозможување јавност, достапност и можност за навремено информирање на граѓаните за нивните права и обврски.
- Унапредување на знаењето на граѓаните за функционирање на судскиот систем, преку разни информативни алатки и кампањи.
- Унапредување на соработката на граѓаните, граѓанските организации и правосудните органи на Република Северна Македонија со цел за застапување на нивните права и интереси во функционирањето на судскиот систем.
- Споделување на добрите практики во однос на остварувањето на граѓанските права кои произлегуваат од оваа заложба заради подобрување и зголемување на отвореноста и транспарентноста на функционирањето на судскиот систем.
- Обезбедување релевантни, навремени и прецизни податоци при реализација на заложбите од Акцискиот план за Отворено судство како посебен домен во Отворено Владино партнерство.

***Олеснување на достапноста на информациите за судството***

- Усвојување на политики за отворено работење на судството кои ќе обезбедат проток на информации до граѓаните.
- Обезбедување на информации за улогата и функцијата на судот согласно поделбата на власта, начинот на функционирање и поставеноста на судските инстанци и судските постапки.

- Постојано ажурирање и објавување на податоците за судиите т.е. кратка биографија и област во која работат.
- Унапредување на системот за комуникација на судската служба со граѓаните преку интернет.
- Редовно објавување на распоредот на судења кој ќе биде достапен за граѓаните преку интернет, како и во судските инстанци.
- Редовно објавување и достапност на извештаите за работата на судовите како и годишни завршни сметки и биланси за работењето на институцијата.
- Редовно објавување на извештаите за работа на судовите кои се доставуваат до Врховниот суд и Судскиот совет на Република Северна Македонија.

***Унапредување на информатичката инфраструктура на правосудните органи за ефикасна електронска комуникација во однос на јавно достапните информации***

- Обезбедување широк обем на канали за пристап до информации за граѓаните преку кои ќе бидат запознати за начинот на кој можат да ги добијат потребните информации од судовите и правосудните органи.
- Унапредување на инфраструктурата на судовите и правосудните органи за еднаква можност за физички пристап од страна на сите граѓани.
- Етаблирана непосредна и редовна соработка со медиумите во однос на споделување официјални соопштенија од страна на правосудните органи до мас-медиумите во целост, со крајна цел за избегнување на двојно толкување на одредени соопштенија.
- Обезбедување слободен пристап до информации од јавен карактер за граѓаните кои пристапуваат до изворот на информации.
- Воспоставување систем на електронска судска архива, отворена за јавноста, преку измени на законодавната и подзаконската рамка, со цел едноставно пребарување преку воведување на унифициран систем на индексирање и систематизација на податоците во системот.
- Воспоставување алатки за брзо и едноставно пребарување на релевантни информации и податоци на интернет страниците на судовите.
- Воспоставување на сетови на отворени податоци на интернет страници на сите судови.
- Адаптирање на интернет страници на судовите за лицата со посебни потреби (аудио и визуелно).

***Обезбедување непречен електронски пристап до информации за судството***

- Обезбедување информации според утврдени обрасци и посебна структура која ќе гарантира за автентичноста на изворот при користење од страна на граѓаните, граѓанските организации како и останатите органи на државната власт.

- Обезбедување технолошка достапност и можност за користење на апликациите кои ги содржат информациите во однос на работењето на судовите и правосудните органи
- Обезбедување ефикасна заштита на приватноста на граѓаните односно заштита на личните податоци преку известување кои лични податоци од граѓаните ќе бидат искористени при прибирањето на податоци, како и основ за неопходноста за прибирање на такви податоци
- Користење на Open-source системи и обезбедување на можност за зачувување на документите кои ќе бидат достапни за граѓаните на веб-страната, заедно со овозможување за лесно и едноставно пребарување на содржините, поврзување со блиски веб-страници и информации кои ќе бидат во корист на корисниците на услугите, воспоставување систем за двонасочна комуникација на граѓаните (поставување прашања, комуникација по електронска пошта, споделување обрасци и сл.)

Оваа Декларација е потпишана од страна на претставници на: Врховниот суд на Република Северна Македонија, апелациските судови, управните судови и основните судови, Судскиот совет на Република Северна Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители и здруженијата на граѓани.

Декларацијата е потпишана на 30ти март 2022 година во Врховниот суд на Република Северна Македонија од страна на членовите на Советот на Отворено судство.

За Врховниот суд на Република Северна Македонија

_________________________________________ с.р.

Судија Беса Адеми
Претседателка

За Апелацискиот суд Битола

__________________________________с.р.

Судија Петре Србиновски
Претседател

За Вишиот управен суд

_______________________________с.р.

Судија Исмета Амет
Претседателка

За Основниот Кривичен суд Скопје

__________________________________с.р.

Судија Иван Џолев
Претседател

За Судскиот совет на Република
Северна Македонија

_______________________________с.р

Тања Чачарова - Илиевска
Член на Судски совет на РСМ

За Академијата за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија

__________________________________с.р.

Наташа Габер - Дамјановска
Директорка

За Здружението на судии на
Република Македонија

_______________________________с.р

Судија Џемали Саити
Претседател

За Центарот за правни истражувања и
анализи

__________________________________с.р.

Жарко Хаџи-Зафиров
Програмски раководител

За Институтот за човекови права

_______________________________с.р

Јелена Кадриќ
Извршна директорка

За Коалицијата Сите за правично судење

______________________________с.р.

Натали Петровска
Директорка

За Македонското здружение на млади правници

______________________________с.р

Александра Цветановска
Претседателка

За Здружение на судска администрација

______________________________с.р.

Сашо Темелкоски
Претседател